# СТАТУТ

## На Здружението на граѓани

## “Финанце Тхинк” – Институт за економски истражувања и политики, Скопје

*(Пречистен текст, последна измена од 4 февруари 2020)*

Содржина


**ОПШТИ ОДРЕДБИ ........ 1**

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ........ 2**

**ЧЛЕНСТВО........ 4**

**ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ........ 5**

Собрание........ 5
Управен одбор ........ 6
Главен економист (Извршен директор)........ 7
Советодавен одбор ........ 8
Надзорна комисија ........ 8
Регионална канцеларија........ 9

**ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ........ 10**

**ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА ........ 10**

**СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ ........ 10**

**ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО ........ 11**

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 11**


# Општи одредби

### Член 1

Заради остварување на целите и задачите утврдени со Законот, одлуката за основање на здружението и овој Статут, како и заради остварување на програмата за работа која е составен дел на овој Статут, се основа Здружението на граѓани “Финанце Тхинк”.

### Член 2

Името на Здружените е: Здружение на граѓани “Финанце Тхинк” – Институт за економски истражувања и политики, Скопје.

Името на Здружението на англиски јазик е: Civil association „Finance Think" – Economic Research and Policy Institute, Skopje.

Скратеното име на Здружението е: „Финанце Тхинк" напишано на латинично писмо.

Седиштето на здружението е на ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје.

**Член 3**

Граѓаните се здружуваат заради вршење на дејности за подобрување и унапредување на правната, еконмската, културната и други области релевантни за севкупниот општествен развој на Република Северна Македонија, подобрување на мулти-димензионалната соработка помеѓу земјите од регионот и пошироко, и креирање на политики во соодветните области.

**Член 4**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува самостојно, во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, со овој Статут, како и со законските норми кои регулираат материја од оваа област.

**Член 5**

Здружението има својство на правно лице со права, должности и одговорности утвредни со овој Статут и Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Здружението Финанце Тхинк, а во средината се наоѓа логото на Здружението.

Штембилот на Здружението е правоаголен на кој на горниот дел е испишано името на Здружението, а на долниот дел број, датум, година - Скопје.

**Член 6**

Во работата на Здружението се употребува името впишано во надлежниот регистар.

## Цели и задачи на Здружението

**Член 7**

Општа цел на Здружението е да го подобри влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за демократските и економските процеси.

Посебните цели на Здружението се:

- Да придонесе кон подобрување на економските, социјалните и развојните политики и реформи преку продуцирање докази, базирани на истражување и водени од податоци.
- Да се зголеми ефектот од производите на Здружението врз целните групи (вештини), донесувањето политики (политики и реформи) и општеството (свесност).

- Да се развие институционалниот капацитет на Здружението, во смисла на истражување, застапување, финансирање и комуникација, со цел посилно влијание врз економските, социјалните и развојните реформи и врз ефектите што соодветните политики ги имаат врз граѓаните.

## Член 7а

За остварување на статутарните цели, работата на Здружението е сконцентрирана во следните тематски области:

- Сиромаштија, вработување и вештини;
- Фискална транспарентност и одговорност;
- Конкурентност и пристапување кон ЕУ;
- Родови и доходни нееднаквости;
- Социјално претприемништво и жени;
- Миграција и дознаки;
- Секторски развојни политики.

## Член 8

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку следните програмски активности:

- Спроведување индивидуални научно-истражувачки и акциски проекти
- Спроведување заеднички научно-истражувачки и акциски проекти во соработка со организации од земјата, регионот и пошироко
- Организирање дискусии, трибини, научни советувања и форуми
- Соработка со експерти од соодветните сфери
- Соработка со надлежни државни институции
- Соработка со локални, регионални и меѓународни, невладини и меѓувладини организации и институции кои се занимаваат со прашања тесно поврзани со развојот на соодветните општествени сфери
- Основање на постојани или ад хоц клубови и комисии
- Стапување во партнерство со и основање мрежи од граѓански организации, претставници на медиумите, експерти и други чинители
- Креирање интерактивна интернет страница на којашто ќе бидат изложени сите активности на Здружението
- Креирање интерактивен портал на социјалните мрежи за комуникација со пошироката публика
- Вршење и други работи во согласност со овој Статут, Законите и Уставот на Република Северна Македонија

## Членство

### Член 9

Член на здружението, може да биде секој граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија како и секој странски државјанин кој:

- Ги прифаќа основните цели и вредности врз кои се заснова функционирањето на Здружението
- На денот на поднесување на апликацијата е полнолетен
- Има образовен профил и суштествени познавања од областите на делување на Здружението
- Плаќа годишна членарина најдоцна до 15 Октомври за тековната година. Висината на членарината се одредува на седница на Собранието на Здружението по предлог на Претседателот.
- Работи на проекти на Здружението во период од најмалку година дена.

Членовите на Здужението ги поседуваат следните права и обврски :

- Право и обврска јавно да ги претставуваат и застапуваат основните принципи и цели на Здружението и да ја промовираат реализацијата на тие принципи и цели
- Право на присуство на седниците на Собранието
- Право на поднесување предлози за одлуки кои ги носи Собранието
- Обврска да земаат конкретно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението
- Други права и обврски утврдени со овој Статут

Член на Финанце Тхинк без право на глас може да биде и невладина организација, правно лице, меѓународна организација или амбасада доколку ги прифаќа основните цели и вредности врз кои се заснова функционирањето на Здружението и плаќа годишна членарина.

### Член 10

Основачите на Здружението имаат статус на член на Здружението доколку ги исполнуваат условите од член 9 на Статутот.

### Член 11

Зачленувањето во Здружението се врши со апликација до Главниот економист (Извршен директор) на Здружението. По поднесената апликација, доколку се исполнети условите од член 9, за членство одлучува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. Главниот економист (Извршен директор) води регистар на членство кој го ажурира еднаш годишно.

### Член 12

Членството престанува доколку условите од член 9, поради која било причина, престанат да бидат валидни, како и со:

- Поднесување писмено повлекување од членството до Главниот економист (Извршен директор)
- Губење на деловна способност
- Исклучување

Управниот одбор може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број членови да го суспендира или исклучи членот во случај на сериозна повреда на утврдените цели и задачи на делување на здружението. По заминувањето од Здружението, членот не може да полага никакви права и побарувања кон имотот на Здружението.

## Органи на здружението

Член 13

Здружението ги има следните ограни: Собрание, Управен одбор и Главен економист (Извршен директор). Здружението може да има и Советодавен одбор.

Здружението може да има Регионални канцеларии (подружници).

### *Собрание*

Член 14

Собранието на здружението го сочинуваат членовите на Здружението. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно. При работата на Собранието на Здужението секој член на Здружението поседува право само на еден глас. Ова право не може да се пренесе на други лица.

Собранието од своите редови избира Претседател кој раководи со седниците на Собранието и врши други работи утврдени со овој Статут. Својата работа Собранието може податално да ја уреди преку донесување Деловник за работа на Собранието.

Член 15

Седници на Собранието свикува Претседателот на Собранието на Здружението.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на 2/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседателот на Собранието на Здружението не свика седница во рок од 15 дена од денот на поднесување на предлогот, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите-членови на Собранието.

Во случај кога од која било причина Претседателот не е присутен на седницата на Собранието, со неа раководи член избран на истата седница од присутните членови.

Член 16

Собранието на Здружението назначува Управен одбор, кој е извршен орган на Здружението.

Член 17

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Во надлежност на Собранието е следново:

1. Донесува статут, програма и други акти,
2. Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница,
3. Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа,
4. Одлучува за промена на целта на Здружението,
5. Одлучува за внатрешната организација и организациските форми на органите на Здружението,
6. Избира и разрешува членови на органите,
7. Одлучува за формирање Надзорна комисија и именува и отповикува членови на истата,
8. Одлучува за статусните измени на Здружението,
9. Одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението
10. Донесува годишна програма за работа
11. Предлага измени и дополнувања на Статутот
12. Донесува правилници, процедури, политики и слична регулатива
13. Врши и други работи во согласност со статутот и актите на Здружението.

Член 18

Дејностите кои спаѓаат во делокругот на работа на Собранието во итни случаи ги врши Управниот одбор на Здружението, при што тој има обврска на првата наредна седница на Собранието да поденесе извештај за преземените активности.

## *Управен одбор*

Член 19

Управниот одбор брои два извршни члена, од кои еден има улога на Главен економист (Извршен директор).

Главниот економист (Извршен директор) и членовите на Управниот одбор ги именува Собранието со мандат во времетраење од 3 години, со можност за повторен избор.

Член 20

Во надлежност на Управниот одбор е донесувањето на следните писмени одлуки:

1. Одлука за формирање Стручна служба
2. Одлука за именување потписници на жиро сметката на Здружението
3. Одлука за формирање други постојани и повремени комисии
4. Одлука за распоредување финансиски средства помеѓу сметки, особено во услови кога трошењето претходи на сврзаниот прилив на средства
5. Одлука за стручно усовршување на кадарот
6. Одлука за платени и неплатени отсуства на кадарот
7. Одлука за здружување со или разделување од друго здружение и за зачленување во сојуз и меѓународни организации
8. Одлука за свикување седници на Собранието, кога за тоа се исполнети условите утврдени со статут

Член 21

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Собранието на Здружението може да го отповика Управниот одбор, или одделен негов член.

Предлог за отповикување на Управниот одбор или на негов член може да поднесат најмалку 2/3 од членовите на Собранието.

Предлогот за отповикување мора да биде во писмена форма.

Член 22

Одлуките на Управниот одбор вообичаено ги потпишува Главниот економист (Извршен директор), а во негово отсуство и другиот извршен член на одборот.

Член 23

Управниот одбор ги донесува одлуките со консензус.

*(Член 24 бришан)*

## *Главен економист (Извршен директор)*

Член 25

Со Здружението оперативно раководи Главен економист (Извршен директор).

Во надлежност на Главниот економист (Извршен директор) се следните задачи:

1. Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието

2. Предлага до Собранието измени и дополнувања на Статутот
3. Го координира и делегира спроведувањето на годишната програма за работа
4. Го координира процесот на подготовка на проектни апликации за обезбедување финансирање
5. Предлага дополнителни начини за финансирање
6. Управува со човековите ресурси во Здружението
7. Управува со финансиските средства на Здружението
8. Управува со имотот на Здружението
9. Се консултира со членовите на Советодавниот одбор
10. Подготвува апликации за членство во други домашни и меѓународни организации
11. Прифаќа спогодби и склучува договори
12. Ја насочува работата на постојаните или привремените комисии, ако такви има
13. Врши контрола врз работата на стручните служби, ако такви има
14. Врши и други работи предвидени со овој Статут и со релевантните законски норми.

Главниот економист (Извршен директор) на Здружението го преставува и застапува Здружението во земјата и во странство. Главниот економист (Извршен директор) на Здружението е видна јавна личност.

## *Советодавен одбор*

Член 26

Советодавниот одбор има советодавна и застапувачка функција. Советодавниот одбор го сочинуваат видни и истакнати општествени дејци кои со својата општествена работа во земјата и странство придонесле на недвосмислен и признаен начин за унапредување на областите на делување на Здружението.

Минималниот број членови на Советодавниот одбор е три, а максималниот 10. Членовите на Советодавниот одбор ги назначува Управниот одбор, врз основа на членство во Здружението или врз основа на покана без засновање членство. Во случај кога членувањето во Советодавиот одбор се врши врз основа на покана, избраниот член на Советодавниот одбор не мора и не може да бара да биде и член на Здружението.

Мандатот на членовите на Советодавниот одбор изнесува 5 (пет) години, со право на повторен избор.

## *Надзорна комисија*

Член 27

Одлука за формирање Надзорна комисија и именување и отповикување членови на истата носи Собранието.

Во одлуката, Собранието ги специфицира условите кои треба да ги исполнуваат членовите на

Надзорната комисија.

Надзорната комисија брои минимум два члена, кои се избираат со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор.

Членови на Надзорната комисија не смеат да бидат лица кои се членови на Собранието на Здружението, вработени во Здружението, членови на други органи на Здружението или сврзани со Здружението на значаен начин.

Член на Надзорната комисија не може да биде лице кое врши јавна функција, кое е вработено во јавната администрација, како и лице кое е поврзано со политичка партија на значаен начин.

Член 28

Надзорната комисија ги врши следните задачи:

1. Врши надзор врз правилното спроведување и примена на одредбите од статутот и другите акти на Здружението;
2. Врши надзор врз извршувањето на одлуките на Собранието, Управниот одбор и на другите тела на Здружението;
3. Врши надзор врз извршувањето на буџетот;
4. Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
5. Одобрува договори и зделки на Здружението со лица кои не се вработени во него, а кои се поврзани на суштински начин;
6. Врши и други работи согласно законот и актите на здружението;
7. Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид до Собранието на Здружението.

Во случаите од точка 5 од претходниот став, Надзорната комисија го врши одобрувањето преку парафирање на договорот од страна на двајцата членови, под потписот на Главниот економист (Извршниот директор), под назнака: „Одобрено од: 1. Член на Надзорна комисија, Име и Презиме, потпис; 2. Член на Надзорна комисија, Име и Презиме, потпис“.

Во случаите од точка 5 од претходниот став, за лица кои се поврзани на суштински начин со Здружението се сметаат: основачите на Здружението, членовите на Советодавниот одбор, членовите на Советот за политики, како и лица кои се во прво сродство со Управниот одбор на Здружението.

Член 29

Надзорната комисија се состанува по потреба и најмалку еднаш годишно подготвува извештај за работењето на Здружението, врз основа на надзорот извршен согласно мандатот на задачи дефиниран во член 28 од Статутот на Здружението.

## *Регионална канцеларија*

Член 30

Одлука за основање Регионална канцеларија носи Собранието.

Регионалната канцеларија на Здружението цели да го зајакне регионалното и локалното присуство на Здружението во планските региони и општините.

Регионалната канцеларија на Здружението е интегрален дел на Здружението и дејствува исклучиво во склоп на статутарните цели на Здружението и на начин определен во овој Статут.

Управниот одбор и Главниот економист (Извршен директор) се одговорни за и донесуваат одлуки сврзани со функционирањето на Регионалната канцеларија, а оперативното координирање со неа го определува Главниот економист (Извршен директор).

Регионалната канцеларија нема посебно лого, сметка, печат и сврзани атрибути, со исклучок на наменски сметки.

## Претставување на здружението

Член 31

Здружението го претставува и застапува Главниот економист (Извршен директор) на Здружението, кој што може ова свое овластување да го пренесе на друг член на Управниот одбор.

## Остварување јавност во работата

Член 32

Работата на здружението е јавна.

Јавност во работењето се остварува со:

- Редовно известување на членовите, други здруженија на граѓани и пошироката јавност преку печатени и електронски медиуми за работата и конкретните активности на здружението
- Обезбедување непречено присуство на членовите на седниците на органите и телата на здружението
- Поставување и одржување своја интернет страница.

## Средства на здружението, начин на стекнување и располагање

Член 33

Здружението своите цели и задачи во почетокот на своето работење ги финансира од основачкиот влог на основачите.

Здружението може да се стекнува со предмети, парични средства и имотни права.

Здружението може да ги стекне средствата и од членарина, прилози, донации, подароци, тестамент, легат заверен пред нотар и друго. Здружението може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што ги основало со сопствени средства заради остварување на своите цели и задачи утврдени со овој статут.

Здружението може да добива и средства од буџетот, согласно законот, врз база на сопствена програма за работа и овој Статут.

**Член 34**

Користење и располагање на средства на Здруженито добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и со соодветните законски норми.

**Член 35**

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, други интерни акти на Здружението. Истите преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

## Престанок на здружението

**Член 36**

Здружението престанува да работи ако настанат причини утврдени во чл.52 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.

## Преодни и завршни одредби

**Член 37**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат во иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 38**

Право на толкување на овој статут има Управниот одбор.

**Член 39**

Овој статут стапува во сила на денот на неговото донесување.

Претседател

Д-р Марјан Петрески, с.р.

Скопје, 4 февруари 2020

Финанце Тхинк